РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 30.12.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 5362/1 | | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 11 декември 2024 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 30 декември 2024 година;
5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024 година);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 18.11.2024, за непочитување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-312 од 18.11.2024 година) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (20.11.2024 година), да го усогласи своето работење со дредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 декември 2024 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно - <u>не ја отстранил извршената повреда на членот 50 став 3</u> од Законот за аудио и**

**аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација), во програмскиот сервис од 11 декември 2024 година, со неправилна примена на сигнализацијата за втора категорија програма (8+), беа емитувани премиерните и репризираните епизоди од играниот серијал “I egri (Yabani)” и премиерната епизода од играниот серијал “Jetë të thyera (Kırık hayatlar)”.

Имено, пред почетокот на емитувањето на епизодите од гореспоменатите играни серијали, од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програма класифицирана во втората категорија, недостигаат: *бројката „**8**“ и знакот „**+**“,* како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата.

**11 декември 2024 г.**

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| “I egri (Yabani)” | 12:35:21<br>19:56:59<br>23:30:40 | 13:22:32<br>20:49:39<br>23:59:59 |
| “Jetë të thyera (Kırık hayatlar)” | 20:55:54 | 21:42:58 |

Со ова *радиодифузерот направил ист прекршок како и оној што беше констатиран при редовниот надзор.*

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 декември 2024 година, премиерните и репризираните епизоди од играниот серијал “I egri (Yabani)” и премиерната епизода од играниот серијал “Jetë të thyera (Kırık hayatlar)” беа емитувани со неправилна примена на предупредувачката сигнализација за програмата од втора категорија (8+). Пред почетокот на емитувањето на епизодите од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програма класифицирана во втората категорија, недостигаа *бројката „**8**“ и знакот „**+**“,* како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 18.11.2024 година, Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, не ја отстрани повредата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***